Коста АЦИЕВСКИ

# МАНАСТИРСКИ ИМОТИ ВО ВЕЛЕШКАТА ОБЛАСТ ВО XIII И XIV ВЕК

Од Втората половина на XIII, а особено во XIV век евидентен е брз растеж на манастирите и манастирските имоти во Македонија. Оваа појава, без сомнение, е поврзана со експанзионистичката политика на српските владејачки кругови, кои во борбата со Византија, за нешто повеќе од половина век, успеале да ја освојат речиси цела Македонија и да ја вклучат во составот на српската држава. За остварувањето на освојувачките планови, на српските владетели и на врвните феудални кругови им била неопходна поддршката на црквата. Поради тоа, за да ги придобијат високите црковни кругови за својата политика, српските владетели, а исто така и феудалците, пројавувале посебна благонаклонетост и дарежливост кон црквата. Во таа смисла, на териториите што ги освоиле во Македонија тие ги обновувале затекнатите разрушени или запустени цркви и манастири, но во исто време подигале и нови духовни храмови. Покрај тоа, на црквите и манастирите, со специјални повелби, им ги потврдувале старите имоти и привилегии, кои им биле дадени од претходните владетели, и им подарувале многу нови имоти и привилегии од најразличен карактер.

Според досегашните сознанија, во Велес и Велешката област свои имоти имале три крупни манастири, кои се издигнале во XIII и XIV век. Два од нив се познатите македонски духовни центри, скопскиот манастир Св. Георги Горг и пелагонискиот манастир Трескавец, а третиот е познатиот призренски манастир Св. Архангели.

### 1. Св. Георги Горг[1]

Скопскиот манастир Св. Георги Горг - Скоропостижник поседувал бројни имоти, расфрлани во повеќе краишта на Македонија што ги добил од разни владетели, за што му биле издавани специјални грамоти. Од бројните грамоти, што ги добил од основањето до XIV век, зачувани се само три, а од нив за

1. Манастирот Св. Георги-Горг е подигнат во XI век, а негов прв донатор е византискиот император Роман III Аргир (1028-1034). По турското освојување запустел и денес не е можно прецизно да се одреди неговата локација. Сп. К. Петров, Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI до XIX век, Споменици I, 76. Сп. исто така и Р.Грујиќ, Властелинство Светога Ѓорѓа код Скопља од XI -XV века, Гласник Скопског научног друштва, I/1, Скопље 1925, 45-74.

историјата на велешкиот регион се интересни само две. Тоа се грамотите на бугарскиот цар Константин Асен и на српскиот крал Милутин. Од нив дознаваме дека манастирот, кон средината на XIII и во почетокот на XIV век, имал свои поседи и во велешката област.

Во грамотата, која бугарскиот цар Константин Асен (1257-1277) му ја дал на манастирот, најверојатно, на самиот почеток од своето владеење (1258), меѓу бројните имоти на манастирот се наведува и селото **Бистрица** (село Бистрица). Притоа, во грамотата се прецизира дека селото се наоѓало во Бабуна (въ Бабоунѣ). Селото Бистрица се наведува како манастирски имот заедно со пасиштата, со летовиштата, со зимовиштата и со сите правини.[2]

Станува збор, без сомнение, за денешното истоимено село, кое се наоѓа на околу 4,5 км североисточно од Богомила. Бистричкиот синор, според Втората грамота што му ја дал на манастирот Трескавец кралот Душан, излегувал на реката Бабуна,[2а] што јасно упатува на денешната локација на селото.

Селото Бистрица како имот на скопскиот манастир Св.Георги Горг се наведува и во грамотата на српскиот крал Милутин од 1299/1300 година. Со оваа грамота српскиот владетел, меѓу другите имоти, му го подарува на манастирот и селото Бистрица, за кое повторно се прецизира дека се наоѓало во Бабуна. Селото му се подарува на манастирот заедно со нивите, водениците, сенокосите, летовиштата, зимовиштата, со кобилите и овците и со сите правини (...Село Бистрица вь Бабоунѣ.....с нивиіем, с водѣничиіемь, с сѣнокоси, с лѣтовици и сь зимовици кобиламь и ѡвцамь, и сь всѣми правинами села того).[3]

Во грамотата на кралот Милутин се наведува дека селото му било дадено на манастирот „од царот Калојан"(Калоіаниемь царемь).[4] Се претпоставува дека, всушност, станува збор за византискиот император Јован II Комнин (1118-1143). Ваквиот заклучок произлегува од редоследот на наведувањето на претходните цареви - донатори на манастирот, каде што „царот Калојан" се наведува после царот Алексиј, а пред царот Мануил,[5] односно, помеѓу таткото и помалиот брат на императорот Јован II Комнин.

Според приредувачот на најновото издание на грамотата на кралот Милутин, истакнатиот славист и византолог В. Мошин, манастирот Св. Георги-Горг имал уште еден имот во велешката област. Тоа било селото **Гостовша**, за кое В.Мошин смета дека се наоѓало во Бабуна.[6]

Иако за ваквото свое мислење Мошин не наведува аргументи, се чини дека неговото мислење е исправно, бидејќи се засновува на сознанијата што

---

2. Г.А.Илъинский, Грамоты болгарских царей, Москва 1911 (Variorum Reprints, London 1970), No 2, 17, 56-57; В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамоти на манастирот Св.Георги-Горг Скопски. Текстови, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , т. I, Скопје 1975, 193.

2а. Л. Славева - В. Мошин, Грамотите на Стефан Душан за манастирот Трескавец, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија , т. IV, Скопје 1981, стр. 119-120 чл. 52.

3. Сп. В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамоти, 228.

4. Ibid., 228.

5. Ibid., 184 и бел. 12.

6. Сп. В. Мошин, Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, Споменици I, 132,136.

произлегуваат од самата грамота. Имено, селото Гостовша во грамотата се наведува веднаш по селото Бистрица, за кое, како што видовме, се нагласува дека се наоѓало во Бабуна. И за имотите што се наведуваат во грамотата пред селото Бистрица точно се наведува нивната локација. На пример: Абазгово се лоцира „под Морозвизд", метохот Св. Никола се лоцира „во Велбужд", црквата Св. Богородица се лоцира „во градот Скопје", а водениците се лоцираат „под Душегубица",и „на Лепенец".[7] Единствено не се наведува локацијата на селото Гостовша, што би можело да значи дека за него се подразбира претходно наведената локација за селото Бистрица.

Селото Гостовша (Гостовша), кралот Милутин му го подарил на манастирот Св. Георги Горг, изгледа, како нов имот, бидејќи не се споменува во грамотата на царот Константин Асен. Кралот Милутин го подарува селото заедно со црквата, со лозјата, со нивите, со сенокосите, со забелите и со сите негови правини.[8]

Селото Гостовша денес не постои. Се наоѓало, секако, на териториите што ги владеел кралот Милутин. Според тоа, селото би требало да се бара во југозападните и западните предели на велешката област, што биле освоени од овој владетел. На тој простор, на можната локација на средновековното село Гостовша, по сѐ изгледа, упатува топонимот „Гоставуша", кој што е евидентиран во близината на с. Рлевци, на помалку од два километри северозападно од селото, во правец на с. Добрино.[8a]

## 2. Трескавец[9]

Вториот македонски манастир, Св. Успение Богородичино-Трескавец располагал со многу повеќе имоти во велешката област од Св. Георги Скопски. Негов главен донатор бил српскиот крал Стефан Душан, кој водел посебна политика кон новоосвоените византиски територии во Македонија. Со низа мерки настојувал да ги придобие византиските благородници, а особено црквата, за остварување на своите политички амбиции, чија крајна цел било создавање на српско-ромејско царство со центар во Цариград. Во таа смисла, тој бил посебно благонаклонет кон црквата. На црквите и манастирите во новоосвоените области во Македонија Стефан Душан им ги потврдувал старите и им дарувал многу нови имоти и привилегии.

Манастирот Трескавец спаѓал меѓу оние манастири кои успеале да стекнат посебна наклонетост на кралот Стефан Душан. Така, во време од десетина

7. Сп. В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамоти, 228.

8. „Село Гостовша сь црьквомь, сь винограді, сь нивиѥмь, сь сѣнокоси, сь забѣли и сь вьсѣми правинами ѥго". Сп. В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамоти, 229.

8а. Сп. Карта, секција Титов Велес 3-2, размер 1:25.000, издание на Војногеографскиот институт од Белград, 1973 година. Селото егзистирало и во турскиот период. Сп. А. Стојановски, За неколку топоними од грамотите на Свети Георги-Горг, сп. Историја, XXXVI, 1-2, Скопје 2000, 41.

9. Манастирот Трескавец се наоѓа во Северна Пелагонија, во живописен планински пејзаж, под самиот врв Златоврв. Не може точно да се утврди кога е подигнат, односно, кога е изградена новата средновековна црква на местото на старата ранохристијанска. Сп. Б. Бабиќ, Манастирот Трескавец со црквата Св.Успение Богородично, Споменици IV, 37 сл.

години Душан му дал на овој манастир дури три повелби, со кои му ги потврдувал старите имоти и привилегии, а му подарил и многу нови имоти. Благодарение на дарежливоста на кралот Душан, манастирот Трескавец само за десетина години за неколку пати ги зголемил своите имоти. Основниот дел на неговите имоти го сочинувале бројните села и селишта, лоцирани, во најголем број, во Пелагониската Рамнина, а во еден дел и во околните предели.[9a]

Манастирот Трескавец имал имоти и во велешката област. Со трите грамоти, од кои, Првата била издадена, најверојатно, кон крајот на 1334 или во почетокот на 1335 година, Втората кон крајот на 1343 или во почетокот на 1344 година, а Третата во 1344/45 година,[10] кралот Стефан Душан на манастирот Трескавец му подарил еден комплекс на имоти во Велешко, кои биле лоцирани, главно, во подрачјето на Бабуна.

Основниот дел на имотите на манастирот Трескавец во велешката област го сочинувале неколку села и селишта, кои најчесто биле подарувани заедно со луѓето и со целокупните нивни имоти: ниви, лозја, воденици, цркви, планини, стасови, градини, периволи и сл.

Според грамотите што му ги дал кралот Стефан Душан, манастирот Трескавец, во првата половина на XIV век, во велешката област ги поседувал селата: Влчје, Хоморани, Техово, Ореов Дол, потоа имоти во Богомила и други имоти.

Во Првата грамота Влчје (Вльчꙗ, Вльчи, Вльчиє) се наведува како селиште, кое, како што се прецизира, се наоѓало „оу Бабоунѣ“. Го населил „светиот крал“ (секако кралот Милутин), а на манастирот му се подарувало заедно „сь людми и сь нивиꙗмь и сь планинами и сь всѣми правинами“.[11]

Селиштето Влчје, изгледа, брзо еволуирало, бидејќи веќе во Втората грамота се наведува како село. Притоа, повторно се нагласува дека го населил светиот крал, а му се подарува на манастирот заедно со луѓето, со планините, со сенокосот и со сите правини, а потоа се дава детален опис на селските меѓи.[12]

И во Третата грамота Влчје се наведува како село, без да се прецизираат неговите имоти. Се дава единствено детален опис на меѓите на селскиот атар, кој, со мали исклучоци, е речиси идентичен со описот што е даден во Втората грамота.[13]

Во описите на меѓите на селскиот атар во Втората и Третата грамота се даваат интересни податоци за регионалната топонимија, што би можело, без сомнение, да помогне при одредувањето на точната локација на селото. Во двата описа на селските меѓи се наведуваат следните топоними: Љубохнин (Љубвски) Дол, Јесиков Дол, Пеклишта, Мислов Врв (Мисловрв), Мали Корита, Попадија, Љубовштица, Влчевска Река (Влчевштица), Мужиц и Заград.

9a. За имотите на манастирот Трескавец сп. К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 185-204; Idem, Имотите на манастирот Трескавец надвор од Пелагонија, Историја, XXXIII/1-2, Скопје 1997, 15-28.

10. Славева-Мошин, Грамотите, 76, 101, 108 сл., 137.

11. Ibid., 83 чл. 14.

12. Ibid., 120 чл. 58.

13. Ibid., 147 чл. 32.

Поголемиот дел од наведените топоними се среќаваат и во Втората и во третата грамота, а еден помал дел само во една од грамотите.

Селото Влчје денес не постои. Според податоците со кои располагаме, не е можно да се идентификува, ниту пак прецизно да се одреди неговата локација. Од истражувачите, единствено В.Кравари го идентификува и прецизно го лоцира. Според неа, станува збор за денешното село Волче во Порече, кое се наоѓа на околу 29 км североисточно од Кичево, на источните падини на Сува Гора.[14]

Меѓутоа, ваквата идентификација и локација не би можеле да се прифатат, бидејќи не се во склад со податоците во изворите. Имено, како што веќе видовме, во Првата грамота на кралот Стефан Душан точно се одредува локацијата на Влчје, кое се наоѓало „во Бабуна".

Селото Влчје, секако, треба да се бара пошироко, во западните и југозападните предели на велешката област, кои биле освоени од кралот Милутин уште во осумдесеттите години на XIII век. Имено, називот „Бабуна" во средниот век, изгледа, не се однесувал само на планината и реката[15], туку, пред сè, на пошироката област. На ваков заклучок упатува локацијата на селото Бистрица во грамотите на царот Константин Асен и на кралот Милутин. Според овие правни акти, како што видовме, селото се наоѓало „во Бабуна". Ако знаеме дека селото Бистрица, всушност, се наоѓа на падините на планината Јакупица, тогаш е јасно дека името Бабуна во грамотите е употребено во поширока смисла, како назив за областа.

Според тоа, и селото Влчје би требало да се бара во пошироката област, која ги зафаќала поречјата на реките Бабуна и Тополка, заедно со еден дел од планинските масиви на Јакупица и Даутица, што гравитираат кон наведените реки.

**Хоморани** (хоморани, хоморѣне) во Првата грамота се наведува како пусто селиште, заедно со пустото селиште Техово, а потоа се дава детален опис на меѓите на двете селишта.[16] Во Втората грамота се наведува како село, кое му се подарува на манастирот Трескавец заедно со заселците и со Техово. Притоа, се наведува дека се наоѓало „оу Боувоунѣ" и се дава подробен опис на селските меѓи.[17] Описот на меѓите е речиси сосема идентичен со описот што е даден во Првата грамота, со исклучок на неколку локалитети кои не се наведуваат во Првата грамота.

За локалната и регионалната топонимија интересни се податоците што се наведуваат при описите на границите на селската територија. Во двете грамоти се наведуваат петнаесет локалитети, од кои поголемиот дел се идентични, меѓутоа, има и такви, кои се среќаваат само во Првата или само во Втората

---

14. V. Kravari, Villes et villages de Macédoine occidentale, Paris 1989, 348.

15. Всушност, во грамотите што ги разгледуваме за реката Бабуна се употребува, едноставно, називот „река" без никаква додавка. Сп. Славева-Мошин, Грамотите, 119-120 чл. 52 („до рѣкоу до быстрьскаго синора"), 145 чл.14 („на рѣкоу у Согле" ).

16. Славева-Мошин, Грамотите, 83 чл.15.

17. „Село оу Боувоунѣ Шоморѣне и Заселькы и с Тѣховомь". Сп.Славева-Мошин, Грамотите, 119-120 чл. 52.

грамота. Во спомenатите описи се среќаваат следните локалитети: Царев Кладенец (Царев Студенец), Црвена Вода (Крвава Вода), Лукавица (Лупавица), Мрамор, Рујен,[17a] Долна Клисура Хоморанска, Љут, Света Варвара, Простица,[18] Карпас,[18a] Братонска Планина, Црнуш, Мечја Стена, Бутин и Скрк.

Во Третата грамота селото Хоморани е одвоено во посебен член и му се подарува на манастирот Трескавец заедно со црквата Св. Атанасие, со воденицата, со градината, со периволот и со сите правини, заедно со Небрегово.[19]

Селото Хоморани, без сомнение, е истоветно со денешното село Оморани. Селото се наоѓа на Црнушка Река, десна притока на Бабуна, во близината на селото Теово, поточно, на околу 6 км југоисточно од него. Селото се наоѓа на значајната комуникација, која ја поврзувала Северна Пелагонија со поречјето на Бабуна и натаму со Велес и Скопје.

Селото **Техово** (Тєхово, с Тѣховомь), денес Теово на рекатạ Бабуна, северозападно од Оморани, се наведува само во Првата и Втората грамота, заедно со Хоморани. Во Првата грамота се наведува како пусто селиште, заедно со пустото селиште Хоморани, и се дава опис на границите на атарот на двете селишта, додека во Втората грамота се наведува само како дел од територијата што го сочинувала атарот на селото Хоморани.[20]

Според Втората и Третата грамота манастирот Трескавец поседувал имот и во **Богомила** (оу Богомилѣхь, у Богомили), без сомнение, најпознатата населба во поречјето на Бабуна, расположена на самата река, на околу 29 км југозападно од Велес и 8,5 км западно од Теово.

Според Втората грамота, на манастирот му се подарувал во Богомила стасот на Сидропсај, со лозјата, со воденицата, со перивολот и со планината.[21] И во Третата грамота се подарува истиот имот, стасот на Сидропсај, со целата правина. Меѓутоа сега, покрај лозја и воденици, во составот на имотот се наведуваат и ниви и овошки. Покрај тоа, во грамотата Богомила прецизно се лоцира „во Бабуна“ и посебно се нагласува дека имотот се дава со сите права.[22]

Со Првата грамота кралот Стефан Душан му подарил на манастирот Трескавец и еден имот, кој не е попрецизно именуван, ниту пак лоциран. Имотот се наоѓал „во Бабуна“, а се состоел од стас, воденица, перивол и виноград.[23]

Според приредувачите на најновото издание на повелбата, овој имот се поистоветува со стасот на Сидропсај во Богомила, што се споменува во Втората и Третата грамота.[24] Меѓутоа, за ваквото поистоветување, се чини, сепак, нема доволно аргументи.

Имено, стасот на Сидропсај, како што произлегува од Втората и Третата грамота, го сочинувал целиот имот на манастирот Трескавец во Богомила и притоа, се наведува неговиот состав (ниви, лозја, воденици, перивол, планина

17а. Оронимот Рујан (866 м.) се наоѓа југозападно од Извор, поточно, помеѓу Извор и Поменово. Види карта, секција Скопје 4, размер 1:50 000, издание на Војногеографскиот Институт од Белград, делумно дополнето во 1965 година.

18. Јужно од селото Мелница, во негова непосредна близина, постои хидроним Просничка Река, кој би можел да се поврзе со нашиот топоним. Види ја истата карта како во претходната белешка.

и овошки). Од друга страна, неименуваниот стас од Првата грамота претставува само еден дел од имотот, што манастирот Трескавец го поседувал во Бабуна, а кој се состоел уште и од воденица, перивол и лозје.

**Орехов (Орахов) Дол** (Ѡрѣхова Доло, Орахова Дола) се наведува во Втората и Третата грамота на манастирот Трескавец. Станува збор, без сомнение, за денешното село Ораов (Ореов) Дол, што се наоѓа јужно од Теово, на реката Кадијица, близу до селото Габровник. Според Втората грамота, Орехов Дол со целата своја „правина" влегувал во составот на атарот на селото Хоморани, додека во Третата грамота се наведува како дел од територијата што ја зафаќало пелагониското село Небрегово.[25]

**Согле** (Согле) се споменува во Третата грамота на манастирот Трескавец. Според оваа грамота Согле припаѓало на атарот на селото Небрегово.[26] Денешното истоимено село се наоѓа на околу 6,5 км источно од Богомила, во непосредна близина на Теово, на реката Бабуна.

Во трите грамоти, што му ги дал на манастирот Трескавец кралот Стефан Душан, се споменува и денешното село **Мокрени** во подрачјето на Бабуна, во непосредна близина на селата Габровник и Ораов Дол. Всушност, при опишувањето на границите на атарите на Еленешци, Хоморани, Техово и Небрегово, се наведува дека тие допирале до мокренската меѓа ( „мегє мокренскоу, мокрѣньскоу междоу, мегю мокрѣньскоу, мокранске мегѥ").[27]

Мокрени, всушност, не влегувало во составот на имотите што манастирот Трескавец ги поседувал во велешката област, ниту пак во имотите на другите манастири, што се предмет на нашето разгледување. Меѓутоа, сепак се задржавме и на него, со цел да го евидентираме неговото егзистирање во првата половина на XIII век.

18a. Топонимот е лоциран јужно од селото Теово. Види карта, секција Скопје 3, размер 1:50000, издание на Војногеографскиот Институт, дополнето во 1954 година.

19. „Село хоморани и црьквь Светыи Аѳанасїе с воденицѡмь и градинѡмь и с пеливоромь и сь всѣми правинами, Заедно с Небрѣговомь". Сп.Славева-Мошин, Грамотите., 149 чл.62. Сп. исто така и Kravari, Macédoine, 266 сл. и стр. 268 Fig. 13, каде што, врз основа на трите повелби се дава сликовит приказ на меѓите на селскиот атар.

20. Славева-Мошин, Грамотите, 83 чл.15, 119-120 чл.52. Сп. Kravari, Macédoine, 340.

21. „Стась оу Богомилѣхь Сидроѱаква сь винограды, сь водѣницоу, с периволемь и сь планиноу". Сп. Славева-Мошин, Грамоти, 120 чл.53.

22. „Ꙋ Богомили в Бабоунѣ стась Сидрофаевоу с нивиемь, с виногради, с водѣничиемь, и с ѡвощиемь и сь всомь правїномь"(Славева-Мошин, Грамотите,145 чл.16).

23. „Оу Бабоунѣ стась и водѣница и периволь и виноградь"(Славева-Мошин, Грамотите, 85 чл. 20).

24. Славева-Мошин, Грамотите, 85 бел.26. Ваквото мислење го прифаќа и Kravari, Macédoine, 240.

25. Славева-Мошин, Грамотите, 119-120 чл.52, 145 чл.14. Сп. Kravari, Macédoine, 308.

26. Славева-Мошин, Грамотите, 145 чл.14. Сп. Kravari, Macédoine, 332.

27. Славева-Мошин, Грамотите, 83 чл.15, 119-120 чл.52, 145 чл.14.

### 3. Св. Архангели[28]

Призренскиот манастир Св. Архангели, задужбина на српскикот владетел Стефан Душан, поседувал бројни имоти од најразличен вид, кои во огромно мнозинство се наоѓале раштркани во српските земји. Меѓутоа, манастирот, во еден помал дел, располагал со имоти и во повеќе краишта на Македонија, и тоа: во Полог, во Скопско, во Овче Поле, во Струмица и во Велес.

Во грамотата што му ја дал царот Стефан Душан на манастирот во 1347/48 година,[29] меѓу имотите што му се подаруваат на манастирот се наведува и велешката црква Св.Архангел. Црквата, како што произлегува од грамотата, ја приложува, всушност, нејзиниот дотогашен сопственик, локалниот феудалец Раденко, а царот Душан го потврдува подарувањето. Притоа, Раденко ја приложува црквата Св. Архангел со согласност на мајка му, заедно со луѓето, со водениците, со лозјата и со сите нејзини правини. (**И приложи Радѣнко сь хтѣниѥмь и сь милостию царства ми, и сь хтѣниѥмь матере Раденкове, црькввь оу Велесоу Архаггела са людми и са млини и са виногради, и сьвсѣми правинами црькве тѥ**).[30]

Црквата Св. Архангел во Велес не е зачувана до наше време. Се споменува само во оваа повелба на царот Душан. Во другите извори, што ѝ стојат на располагање на современата историографија, за неа нема податоци. За откривањето на нејзината локација неопходни се, без сомнение, детални археолошки истражувања на подрачјето на средновековниот град Велес, кое, со исклучок на површинските истражувања, археолошки, речиси, воопшто не е истражено. Не се знае ништо повеќе ниту за локалниот великодостојник Раденко, кој не се споменува во други извори.

*

*        *

Од трите манастири, што имале свои имоти во велешката област далеку најмногубројни биле имотите што ги поседувал пелагонискиот манастир Трескавец. Овој манастир целосно („со сите правини“) поседувал пет села, а располагал и со други имоти во областа на Бабуна. Главни носители на имотот на манастирот Трескавец во Бабуна биле селата Влчје и Хоморани. Манастирот Св. Георги Горг целосно поседувал две села во Бабуна, Бистрица и Гоистовша, додека призренскиот манастир Св. Архангели ја поседувал велешката црква Св. Архангел со нејзините имоти. Имотите на трите манастири во Велешко се состоеле, главно, во земја (обработлива и необработлива), меѓутоа, имало исто така и воденици, цркви и добиток.

---

28. За овој познат манастир на реката Бистрица сп. С. Ненадовиќ, Душанова задужбина манастир Светих Архангела код Призрена, Београд 1969.

29. Сп. Л. Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. III, Скопје 1980, 323, 341.

30. С. Новаковиќ, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912, 695 (CXXXVI); Л. Славева, Дипломатичко-правните споменици, 391 (CXXXVI). Сп. Р. Ивановиќ, Властелинство манастира св. Архангела код Призрена, Историски Часопис, VIII(1958), Београд 1959, 238 сл.

Од застапеноста и карактерот на имотите на трите споменати манастири, јасно произлегува дека најразвиени стопански гранки во областа Бабуна во XIII и XIV век биле земјоделството и сточарството. Погодностите за нивниот развиток во овој регион се очигледни и денес, а во средниот век тие претставувале основни стопански гранки на населението од овој регион.

Земјоделството било особено развиено во рамничарскиот дел на областа Бабуна, покрај реката Бабуна, каде што манастирите (Св. Георги Горг и Трескавец) поседувале многу земјоделски површини, и тоа особено ниви. Нивите зафаќале најголем дел од обработливите површини и на нив претежно се одгледувале житни култури. Бројот на нивите што биле во сопственост на манастирите, за жал, не може точно да се утврди. Тие во грамотите секогаш се наведуваат во множина, без да се прецизира нивниот број.

Покрај нивите, важен дел од манастирските имоти претставувале и градините во кои се одгледувал зеленчук и овошните градини, кои во грамотите се среќаваат под името „овоштие", но и под грчкото име „перивол". Манастирите биле посебно заинтересирани за зеленчуковите и овошните градини, бидејќи зеленчукот и овошјето (свежо или сушено), претставувале многу важен дел во исхраната на монасите, особено во деновите кога се постело.[31]

Сточарството било исто така доста развиено. Манастирите поседувале во Бабуна многу сенокоси (ливади), пасишта и забели. Забели биле нарекувани делови од шумите и од шумските пасишта, но овој збор, сепак, најмногу се употребувал за означување на обичните пасишта, кои биле првенствено наменети за пасење на добитокот од манастирското или од некое друго властелинство.[31a]

Делови од рамничарските и од планинските територии во Бабуна имале посебна намена. Имено, биле користени како специјални пасишта за добитокот. Повисоките предели што биле користени за пасење во летниот период биле нарекувани летовишта,[32] додека низинските, затскриени предели, каде што добитокот пасел во зима и каде што презимувал се викале зимовишта.[32a]

Заедно со другите имоти, манастирите понекогаш добивале и добиток. Така, скопскиот манастир Св. Георги Горг го добил селото Бистрица заедно со кобилите и овците, чиј број не се прецизира во грамотата. Овој податок, исто така, директно упатува на заклучокот за развиеноста на сточарството во XIII и XIV век во областа на Бабуна, каде што навистина постојат одлични услови за развој на оваа дејност.

Покрај земјоделството и сточарството, во областа на Бабуна развиено било и лозарството. Лозјата биле доста ценети во средниот век. Нивниот број, општо земено, а исто така и во велешката област, бил помал од бројот на нивите. Поради тоа, најверојатно, лозјата во средниот век биле доста ценети и биле

---

31. М.Благојевиќ, Земљорадња у средњовековној Србији, Београд 1973, 164 сл., 171.

31а. Сп. М.Благојевиќ, Средњовековни забел, Историјски Часопис, XIV-XV(1963-1965), Београд 1965, 10.

32. Сп. М. Благојевиќ, Планине и пашњаци у средњовековној Србији (XIII-XIV век), Историјски Гласник, 2-3(1966), 39-42.

32а. Ibid., 42-47.

вреднувани повисоко од нивите. Имено, при купопродажба, за лозје се плаќало околу десет пати повисока цена отколку за земјишна парцела од среден квалитет со иста големина.[33]

Во необработливата земја што влегувала во составот на манастирските имоти, мошне важно место завземале и планините (шумите). Планините главно биле користени како пасишта, но под овој поим понекогаш биле опфатени и шумите.[34] Всушност, повисоките оголени делови на планините се користеле како пасишта, додека пониските, пошумените, за набавка на дрво, кое се користело како градежен материјал и како огрев.

Освен земја, манастирите во велешкиот регион поседувале и многу воденици. Нивниот број не може точно да се одреди, бидејќи не е прецизиран во грамотите. Водениците, главно, биле лоцирани на реката Бабуна и претставувале важен дел од манастирските имоти.

Во составот на манастирските имоти во велешката област имало и три цркви, по една во имотите на секој од трите споменати манастири. Црквите располагале со сопствени имоти и влегувале во составот на манастирските стопанства заедно со своите имоти. На тој начин тие, во голема мера, придонесувале за зголемување на манастирските имоти и за економскиот растеж на манастирските стопанства.

---

33. Сп. Г. Острогорски, Византијски практици, Сабрана дела, I Београд 1969, 45.
34. Сп. М.Благојевиќ, Планине и пашњаци, 10-13.